СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТУДЕНТСКИ ОБРОК ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

**-кратка информација-**

*Скопје, ноември 2022*

Предмет на оваа кратка информација е законската регулатива за субвенционирањето на студентскиот оброк во Република Бугарија, Република Србија, Република Словенија, Република Северна Македонија и Република Хрватска.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива** во Собранието на Република Северна Македонија, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт*.

Студентите се граѓани кои се високо квалификувана работна сила на иднината во едно општество. Тие се и главни корисници на многу културни и рекреативни политики. Високообразовните политики на државите обично се спроведуваат на државно или регионално ниво и често се запоставува урбаната димензија на студентскиот живот и студентското организирање. Последното уште повеќе во модерните трендови на студентска мобилност меѓу регионите и државите низ Европската Унија и светот.

Под субвенциониран студентски оброк се подразбира финансиска поддршка обезбедена од државата. Студентите имаат право на еден или два субвенционирани оброци дневно во зависност од законската регулатива во горе наведените држави.

Висината на субвенциите за студентски оброк се различни, односно во некои држави имаат фиксен износ како Словенија и Македонија, во Бугарија пак субвенцијата изнесува 50% од цената на оброкот, во Србија процентот на кофинансирање е од 37% до 42,7% во зависност од оброкот (доручек, ручек или вечера) или вкупно 39% за сите три оброци дневно што е прикажано во табела бр.1, додека во Хрватска има 3 нивоа на субвенционирање: 1, 2 и 2,5 (еден, два и два и пол оброци дневно).

## РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во Република Бугарија субвенционирањето на студентскиот оброк е регулирано со Законот за високо образование[1] и Наредбата[2] за студентските домови и мензи (ресторани)[3]. Со оваа наредба се уредуваат условите за користење на

[1] **ЗАКОН ЗА ВИСШЕТО ОБРАЗОВАНИЕ** на Република Бугарија достапен на следниот линк https://lex.bg/laws/ldoc/2133647361

[2] Значење на зборот **Наредба** согласно Националните извори на правото https://e-justice.europa.eu/6/EN/national_legislation?BULGARIA&member=1

[3] **НАРЕДБА ЗА ПОЛЗВАНЕ НА СТУДЕНТСКИТЕ ОБЩЕЖИТИЯ И СТОЛОВЕ** Приета с ПМС № 235 от 25.09.2008 г. Обн. ДВ. бр.86 от 3 Октомври 2008г., изм. ДВ. бр.79 от 6 Октомври 2009г., изм. ДВ. бр.62 от 12

студентски домови и мензи од страна на студенти, докторанди и специјалисти. Оваа наредба ја применуваат државните високообразовни институции, „Студентски мензи и домови (ДЗС)“ - ЕАД, Бугарската академија на науките (БАН), како и научни организации кои спроведуваат обука за образовен и научен степен – „доктор“. Управувањето со студентските домови и мензи го вршат високите училишта и ДЗС - ЕАД, со учество на ученичките совети. Со Наредбата за студентски домови и мензи во членот 30 е наведено дека „**Студентски мензи се специјализирани објекти кои обезбедуваат оброци за студенти, докторанди и специјалисти“**. Во студентските мензи (ресторани) основната вредност за еден оброк ја утврдува ректорот на вишата школа, односно извршниот директор на ДЗС - ЕАД. Основната вредност за еден оброк се определува така што студентите, докторанди и специјалистите плаќаат **50%** од вредноста на оброкот (член 31 од Наредбата).

## РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Република Србија субвенционирањето на студентскиот оброк е регулирано со Законот за ученички и студентски стандард[4] и Правилникот за сместување и исхрана за ученици и студенти[5]. Со овој закон се уредуваат правата, обврските и одговорностите на учениците и студентите од областа на ученичкиот и студентскиот стандард, основањето, организацијата и работењето на институции за ученички и студентски стандард, финансирањето на студентскиот стандард, надзорот над спроведувањето на овој закон, како и други прашања од областа на ученичкиот и студентскиот стандард. Ученичкиот и студентскиот стандард, во смисла на овој закон, е организирана дејност која обезбедува дополнителни услови за подостапно, поефикасно и подобро образование и воспитување на учениците и студентите од областа на образованието и воспитанието. Ученичкиот и студентскиот стандард има за цел да создаде материјални, културни, социјални, здравствени и други услови кои го поттикнуваат стекнувањето образование, социјалната вклученост и сеопфатниот развој на личноста на учениците и студентите. Студентот има право на: сместување, исхрана, студентски заем, студентска стипендија, стипендија за исклучително надарени студенти, одмор, дополнителни активности: културни, уметнички, спортски и рекреативни активности, информирање и активности од областа на неформалното образование. Студентите на високообразовни институции основани од Република Србија, Автономната покраина или единица на локална самоуправа, кои се запишуваат првпат во одредена година на прв, втор или трет степен студии, чие образование се финансира од буџетот ги имаат правата на овој закон на Република Србија и кои имаат државјанство на Република Србија. Согласно член 7 од Законот студентите кои ги исполнуваат општите услови на овој закон и чие живеалиште не е во местото на студирање имаат право на три оброци дневно. Право на еден оброк дневно имаат студентите кои ги исполнуваат општите услови на овој закон и чие живеалиште е местото на студирање. Правото на оброци можат да го остварат и студентите на високообразовните институции чиј основач не е Република Србија, Автономната покраина или единица на локална самоуправа, односно кои сами ги финансираат студиите, **по економска цена** што ја одредува

---

Юли 2013г., изм. и доп. ДВ. бр.68 от 30 Август 2016г., изм. и доп. ДВ. бр.19 от 5 Март 2021г., доп. ДВ. бр.24 от 25 Март 2022г. https://www.lex.bg/laws/ldoc/2135600803

[4] ZAKON O UČENIČKOM I STUDENTSKOM STANDARDU ("Sl. glasnik RS", br. 18/2010, 55/2013, 27/2018 - dr. zakon i 10/2019 https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_ucenickom_i_studentskom_standardu.html

[5] ПРАВИЛНИК о смештају и исхрани ученика и студената "Службени гласник РС", број 36 од 24. маја 2019. https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/ministarstva/pravilnik/2019/36/3/reg

управниот одбор на студентската институција со одобрение на Министерството. Студентите правото на исхрана го остваруваат во студентски ресторан, односно во установа со студентски ресторан, а на места каде што нема студентски ресторан, Министерството склучува договор за вршење на студентско угостителство со организации од областа на угостителството. Висината на учеството на корисникот во трошоците за храна ја пропишува министерот.

Табела бр.1 Цени на исхрана за студенти субвенционирана[6] и економска[7]

| | **Буџетска субвенционирана цена (по оброк)/динари/евра** | **Економска цена (по оброк) динари/евра** | **Процент на кофинансирање од државата** |
|---|---|---|---|
| **Доручек** | 56,00/**0,47** | 130,00/**1,10** | **42,7%** |
| **Ручек** | 120,00/**1,02** | 310,00/**2,64** | **38,6%** |
| **Вечера** | 90,00/**0,76** | 240,00/**2,04** | **37,3%** |
| **Дневно (вкупно динари/евра)** | 266,00/ **2,26** | 680,00/**5,79** | **39%** |

## Република Словенија

Во Република Словенија субвенционирањето на студентскиот оброк е регулирано со Законот за субвенционирање на студентски оброци[8] и Правилникот за субвенционирање на студентски оброци[9]. Со овој закон се утврдува правото на студентите на субвенциониран студентски оброк, како и начинот и критериумите за субвенционирање. Согласно член 6 од Законот, корисници на субвенциониран студентски оброк се сите лица со статус на студент кои се школуваат на повисоките стручни училишта и високообразовните установи во Република Словенија, **кои не се вработени, не вршат стопански, професионални или земјоделски дејности или раководни функции како единствени или главни**. Корисници на субвенциониран студентски оброк се и сите студенти на странски универзитети кои студираат во Република Словенија како дел од меѓународни програми за размена. За нив важат истите услови како и за студентите кои студираат на повисоките стручни училишта и високообразовните институции во Република Словенија. Субвенционирањето на студентските оброци се врши во форма на печатени ваучери или електронска евиденција со компјутерски поддржан систем на начин кој обезбедува ефикасност, транспарентност и контрола (член 3 од Законот). Корисниците имаат право на еден субвенциониран оброк за секој работен ден и имаат право на субвенционирани оброци во сабота и недела, доколку во ова време, согласно студиската програма, ги исполнат своите студиски обврски и тоа го докажат со потврда издадена од повисок стручно училиште или високообразовна установа. Субвенционирани оброци може да се обезбедат од 07:00 до 22:00 часот. Исто така корисниците со посебни потреби поради тешка или потешка функционална

[6] Bugetske cene po obrok https://sc-api.lav-djuric.me/uploads/budzetske_cene_fc6cc922f2.pdf?updated_at=2022-09-30T22%3A11%3A14.913Z
[7] Ekonomske cene po obrok https://sc-api.lav-djuric.me/uploads/ekonomske_cene_b3ecbccbaa.pdf?updated_at=2022-09-30T22%3A11%3A57.335Z
[8] Zakon o subvencioniranju študentske prehrane (Uradni list RS, št. 86/14 – uradno prečiščeno besedilo, 61/17 – ZUPŠ in 54/22 – ZUPŠ-1) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO3118
[9] Pravilnik o subvencioniranju študentske prehrane (Uradni list RS, št. 72/14) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV12196

попреченост, децата на загинатите во војната за Словенија во 1991 година со студентски статус и корисници родители имаат право на десет дополнителни субвенционирани оброци месечно. Висината на субвенцијата за студентски оброк која ја добиваат студентите до крајот на 2022 година ќе изнесува 2,82 евра од ден[10] додека од 1 јануари 2023 година во Република Словенија согласно член 4 од Правилникот износот на субвенциониран оброк за студенти ќе изнесува 3,50 евра од ден.

## Република Северна Македонија

Во Северна Македонија субвенционирањето на студентскиот оброк е регулирано со Законот за субвенциониран студентски оброк[11]. Со овој закон се уредува правото на студентите за субвенциониран студентски оброк како и начинот и критериумите за субвенционирање. Согласно член 2 под „субвенциониран студентски оброк" се подразбира финансиска поддршка во износ од **120 денари** (**1,94 евра**[12]) на ден што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна. Корисници на субвенциониран студентски оброк се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија, кои: не се во редовен работен однос, не се регистрирани како индивидуални земјоделци и немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година (член 9 од Законот). Регистрирањето на корисници на субвенциониран студентски оброк се врши со пополнување на посебна пријава за упис која студентот ја поднесува при запишување во тековната академска година, а со која се врши пријавување и на телефонскиот број на студентот и негово внесување во системот. Пријавата содржи согласност за користење на личните податоци на подносителот и од членовите на семејството (родители, старатели или брачен другар) како и изјава за точност на внесените податоци во неа (член 10 од Законот). Правото за субвенциониран студентски оброк корисникот не може да го остварува во периодот од 1 јули до 14 септември во годината во која се стекнал со правото на субвенционирање на студентски оброк, како и за време на државни, верски празници и неработни денови.

## Република Хрватска

Во Република Хрватска субвенционирањето на студентскиот оброк е регулирано со Правилникот за условите и начините на остварување на правото на покривање на трошоците за оброк на студентите[13]. Согласно Правилникот за условите и начинот на остварување на правото за покривање на трошоците за студентски оброци, правото на поддршка за покривање на трошоците за студентски оброци го остварува редовен студент на додипломски универзитет, постдипломски универзитет, интегриран додипломски и постдипломски универзитет, кратки стручни, додипломски стручни и специјалистички дипломирани стручни студии за високо образование во Република Хрватска кој е државјанин на земја членка на Европската Унија. Студентите имаат право на

[10] Subvencionirana študentska prehrana https://www.gov.si/teme/subvencionirana-studentska-prehrana/

[11] ЗАКОН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 150/21)

[12] Курсна листа на Народната банка на Република Северна Македонија https://www.nbrm.mk/

[13] Pravilnikom o uvjetima i načinu ostvarivanja prava na pokriće troškova prehrane studenata (NN, broj 120/13, 8/14 i 113/22 https://mzo.gov.hr/istaknute-teme/odgoj-i-obrazovanje/visoko-obrazovanje/potpore-studentima/studentska-prehrana/811

субвенција во текот на целата година, освен во периодот од 16 јули до 31 август, а ова право е поделено на **три нивоа** : 1, 2 и 2,5 (еден, два и два и пол мени оброци дневно). Ова ниво автоматски се доделува во моментот на регистрација за академската година или семестар. Согласно член 3 од Правилникот за условите и начините на остварување на правото на покривање на трошоците за оброк на студентите, на корисникот му се доделуваат дневници за **два периода во месецот**: од 1 до 14 во месецот и од 15 до крајот на месецот. Правата се доделуваат согласно ставовите 1, 3 и 4 од членот, при што неискористениот дел од износот на дневницата може да се префрли исклучиво на преостанатите денови од првиот или вториот период од месецот. Ако студентот не ги искористи расположливите средства, тие нема да бидат префрлени на следното боледување, туку ќе бидат откажани кога ќе се додели следното салдо. Корисниците на поддршка на ниво 1 немаат право на поддршка за време на државни празници, сабота и недела, додека корисниците на преостанатите две нивоа имаат право на поддршка во **сите денови во неделата**. Цените на оброците од менито и индивидуалните јадења добиваат субвенција од 71,24%, а останатите намирници кои не се дел од оброците на менито добиваат субвенција од 50%. Студентите со поддршка на ниво 1 имаат право на субвенција од 16,10 куни (2.13 евра[14]), односно максимална субвенција од 32,20 куни дневно 4.27 евра). Студентите со ниво 2 имаат право на субвенција од 32,20 куни (4.27 евра), или максимална субвенција од 64,40 куни (8.54 евра) дневно, додека студентите со ниво 2,5 имаат право на субвенција од 40,25 куни (5,33 евра), или максимална субвенција од 80,50 куни[15] (10.67 евра) дневно. Сите корисници имаат право да користат најмногу:

- двојно повеќе од износот на дневниот додаток,
- 2 менија за оброци (корисник на поддршка со право на ниво 1);
- 3 менија за оброци (корисник на поддршка со ниво на права 2 и 2,5);
- 3 јадења или ставки од секоја подгрупа на поединечни јадења и други прехранбени производи кои не се дел од менито за оброци, освен подгрупата на млечни производи;
- 5 јадења или артикли од подгрупата млечни производи.

### Ниво 1

Ова ниво се доделува на сите студенти, односно на оние кои имаат постојано место на живеење во местото каде што студираат и на оние кои го оствариле правото на сместување во студентски дом кој обезбедува угостителски услуги.

### Ниво 2

Следниве студенти имаат право на второ ниво:

- корисници кои живеат во местото на студирање и имаат живеалиште во друга област (врз основа на лична карта и пријавување на живеалиште во полицискиот оддел или во станицата на Министерството за внатрешни работи одговорна за местото на живеење);
- корисници на грантови кои имаат место на живеење или престој во место кое е слабо поврзано со местото на студирање со сообраќај. На предлог

[14] Хрватската Народна банка официјален курс куна/евро 21.11.2022 година https://www.hnb.hr/
[15] Studentska prehrana https://www.studentski.hr/zabava/studentski-zivot/evo-koje-su-razine-prava-sto-one-znace-i-kako-provjeriti-stanje-na-iksici

на студентското тело и матичната високообразовна установа, со посебна одлука на Министерството за наука и образование им се доделува овој степен на права.

- странски државјани кои користат поддршка врз основа на учество во меѓународни размени (Еразмус, CEEPUS и меѓународни билатерални правни акти) како стипендисти на Министерството за наука и образование
- странски државјани од земји членки на Европската Унија кои студираат во Република Хрватска.

**Ниво 2.5 се доделува на:**

- корисници кои во конкуренција на студентски центри се стекнале со право на сместување во студентски дом или во студентски дом кој не дава угостителски услуги (врз основа на потврда од студентски центар или студентски дом);
- корисници на поддршка со исклучително лоши финансиски услови врз основа на посебна одлука на Министерството за наука и образование, со презентирање на решението на надлежниот центар за социјална заштита за правото на помош за одржување;
- корисник на поддршка за врвен спортист кој докажува дека престојува во место на студирање кое е различно од местото на регистрирано живеење (врз основа на одлуката за категоризација на спортисти (I-III категорија) на Хрватскиот олимписки комитет, лична карта и пријавување на живеалиште во полициско одделение или во станица на Министерството за внатрешни работи надлежна за местото на живеење).

Со последната измена на Правилникот членот 10 став 3 се менува и гласи:

„(3) Со поддршка од став 1 на овој член, Министерството му префрла на давателот на услугата дополнителни средства во износ од 20% за месечни фактури издадени за периодот од 1 октомври 2022 година до 31 март 2023 година.“

Изработил: Славчо Маркоски

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. **ЗАКОН ЗА ВИСШЕТО ОБРАЗОВАНИЕ** Обн. ДВ. бр.112 от 27 Декември 1995г., изм. ДВ. бр.28 от 2 Април 1996г., изм. ДВ. бр.56 от 15 Юли 1997г., попр. ДВ. бр.57 от 18 Юли 1997г., изм. ДВ. бр.58 от 21 Юли 1997г., изм. ДВ. бр.60 от 2 Юли 1999г., попр. ДВ. бр.66 от 23 Юли 1999г., изм. ДВ. бр.111 от 21 Декември 1999г., изм. ДВ. бр.113 от 28 Декември 1999г., изм. ДВ. бр.54 от 4 Юли 2000г., изм. ДВ. бр.22 от 9 Март 2001г., изм. ДВ. бр.40 от 19 Април 2002г., изм. ДВ. бр.53 от 28 Май 2002г., изм. ДВ. бр.48 от 4 Юни 2004г., изм. ДВ. бр.70 от 10 Август 2004г., изм. ДВ. бр.77 от 27 Септември 2005г., изм. ДВ. бр.83 от 18 Октомври 2005г., изм. ДВ. бр.103 от 23 Декември 2005г., изм. ДВ. бр.30 от 11 Април 2006г., изм. ДВ. бр.36 от 2 Май 2006г., изм. ДВ. бр.62 от 1 Август 2006г., изм. ДВ. бр.108 от 29 Декември 2006г., изм. ДВ. бр.41 от 22 Май 2007г., изм. ДВ. бр.13 от 8 Февруари 2008г., изм. ДВ. бр.43 от 29 Април 2008г., изм. ДВ. бр.69 от 5 Август 2008г., изм. ДВ. бр.42 от 5 Юни 2009г., изм. ДВ. бр.74 от 15 Септември 2009г., изм. ДВ. бр.99 от 15 Декември 2009г., изм. ДВ. бр.38 от 21 Май 2010г., изм. ДВ. бр.50 от 2 Юли 2010г., изм. ДВ. бр.56 от 23 Юли 2010г., изм. ДВ. бр.63 от 13 Август 2010г., изм. ДВ. бр.101 от 28 Декември 2010г., изм. ДВ. бр.61 от 9 Август 2011г., изм. ДВ. бр.99 от 16 Декември 2011г., изм. и доп. ДВ. бр.60 от 7 Август 2012г., доп. ДВ. бр.102 от 21 Декември 2012г., изм. ДВ. бр.15 от 15 Февруари 2013г., изм. ДВ. бр.63 от 16 Юли 2013г., изм. ДВ. бр.68 от 2 Август 2013г., доп. ДВ. бр.101 от 22 Ноември 2013г., доп. ДВ. бр.54 от 1 Юли 2014г., изм. ДВ. бр.66 от 8 Август 2014г., изм. ДВ. бр.107 от 24 Декември 2014г., изм. ДВ. бр.56 от 24 Юли 2015г., изм. ДВ. бр.79 от 13 Октомври 2015г., изм. и доп. ДВ. бр.17 от 1 Март 2016г., изм. и доп. ДВ. бр.98 от 9 Декември 2016г., изм. ДВ. бр.17 от 23 Февруари 2018г., изм. и доп. ДВ. бр.30 от 3 Април 2018г., доп. ДВ. бр.86 от 18 Октомври 2018г., изм. и доп. ДВ. бр.98 от 27 Ноември 2018г., изм. и доп. ДВ. бр.17 от 25 Февруари 2020г., изм. и доп. ДВ. бр.18 от 4 Март 2022г., изм. и доп. ДВ. бр.56 от 19 Юли 2022г. https://lex.bg/laws/ldoc/2133647361

2. **НАРЕДБА ЗА ПОЛЗВАНЕ НА СТУДЕНТСКИТЕ ОБЩЕЖИТИЯ И СТОЛОВЕ** Приета с ПМС № 235 от 25.09.2008 г. Обн. ДВ. бр.86 от 3 Октомври 2008г., изм. ДВ. бр.79 от 6 Октомври 2009г., изм. ДВ. бр.62 от 12 Юли 2013г., изм. и доп. ДВ. бр.68 от 30 Август 2016г., изм. и доп. ДВ. бр.19 от 5 Март 2021г., доп. ДВ. бр.24 от 25 Март 2022г. https://www.lex.bg/laws/ldoc/2135600803

3. ZAKON O UČENIČKOM I STUDENTSKOM STANDARDU ("Sl. glasnik RS", br. 18/2010, 55/2013, 27/2018 - dr. zakon i 10/2019 https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_ucenickom_i_studentskom_standardu.html

4. ПРАВИЛНИК о смештају и исхрани ученика и студената "Службени гласник РС", број 36 од 24. маја 2019. https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/ministarstva/pravilnik/2019/36/3/reg

5. Bugetske cene po obrok https://sc-api.lav-djuric.me/uploads/budzetske_cene_fc6cc922f2.pdf?updated_at=2022-09-30T22%3A11%3A14.913Z

6. Ekonomske cene po obrok https://sc-api.lav-djuric.me/uploads/ekonomske_cene_b3ecbccbaa.pdf?updated_at=2022-09-30T22%3A11%3A57.335Z

7. Zakon o subvencioniranju študentske prehrane (Uradni list RS, št. 86/14 – uradno prečiščeno besedilo, 61/17 – ZUPŠ in 54/22 – ZUPŠ-1) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO3118

8. Pravilnik o subvencioniranju študentske prehrane (Uradni list RS, št. 72/14) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV12196

9. Subvencionirana študentska prehrana https://www.gov.si/teme/subvencionirana-studentska-prehrana/

10. ЗАКОН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 150/21)

11. Pravilnikom o uvjetima i načinu ostvarivanja prava na pokriće troškova prehrane studenata (NN, broj 120/13, 8/14 i 113/22 https://mzo.gov.hr/istaknute-teme/odgoj-i-obrazovanje/visoko-obrazovanje/potpore-studentima/studentska-prehrana/811

12. Studentska prehrana https://www.studentski.hr/zabava/studentski-zivot/evo-koje-su-razine-prava-sto-one-znace-i-kako-provjeriti-stanje-na-iksici


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384